**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ПРИСТАПНОСТ ДО ИНТЕРНЕТСКИТЕ СТРАНИЦИ И МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

**-компаративен преглед-**

Есељ Лукрис
Аналитичар и истражувач по компаративно право и правни системи

јуни 2024 година

## СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД..... 3
I ПОЛИТИКИ ЗА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО ЕВРОПА..... 4
I.1 Е-пристапност во Европа..... 4
I.2 ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2016/2102 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ ЗА ПРИСТАПНОСТА ДО ИНТЕРНЕТСКИТЕ СТРАНИЦИ И МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ..... 6
I.3 Мониторинг ..... 8
I.4 Известување со пишан извештај..... 8
II ПРИСТАПНОСТ ДО ИНТЕРНЕТСКИТЕ СТРАНИЦИ И МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ ... 8
III ПОЛИТИКИ ЗА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО САД ..... 12
IV ПОЛИТИКА НА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО КАНАДА ..... 14
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 18

**РЕЗИМЕ**

**Директивата 2016/2102 на Европскиот Парламент и на Советот за пристапноста до интернетските страници и мобилните апликации на органите на јавниот сектор**[1] има за цел да ги приближи законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки кои се однесуваат на барањата за пристапност на интернетлокациите и мобилните апликации на органите од јавниот сектор, со што ќе им овозможи на тие интернетскистраници и мобилни апликации да бидат подостапни за корисниците, особено за лицата со посебни потреби. **Директивата** утврдува правила со кои се бара од земјите-членки да обезбедат дека интернет локациите, без оглед на уредот што се користи за пристап до нив, и мобилните апликации на органите од јавниот сектор ги исполнуваат барањата за пристапност.

Во Република Северна Македонија, иако сеуште не е официјално објавен текстот на предлог-законот, со **Предлог-законот за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор** се цели да се транспонира Директивата 2016/2012 на Европскиот Парламент и Советот од 26 октомври 2016. Предлог-законот има за цел подобрување на пристапноста на интернетските страници и мобилните апликации на институциите во јавниот сектор. Согласно законот, институциите од јавниот сектор ќе бидат задолжени своите интернетски страници и мобилни апликации да ги направат достапни за лица со попреченост. Се очекува предлог-законот да има значително влијание врз јавниот сектор поттикнувајќи инклузивност, рамноправен пристап до информации и дигитализација за сите граѓани.

Анализата ги обработува законите за пристапност на интернетските страници и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор во Република Хрватска, Република Словенија како и во Република Франција. Законите во обработените земји се слични бидејќи се усогласени со **Директивата**[2].

Дополнително, со анализата се опфатени и Канада и Сад како и анализирани се нивните правни рамки, практики и искуства на оваа тема.

[1] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024

[2] Ибид

## ВОВЕД

Дигиталната достапност иако веќе беше од голема важност, сепак стана уште поважна за време на Ковид пандемијата и останува од суштинско значење со цел Европа да се приспособи на дигиталната ера. Со брзиот раст на информациите и интерактивните услуги обезбедени преку интернет и мобилните уреди, дел од населението ризикува да биде исклучено од основните услуги и од приватниот и од јавниот сектор, како што се: добивање информации од јавни услуги, купување намирници, медицински консултации, онлајн услуги за банкарство, пораки и видео повици и друго..
Едноставните промени што ги прават интернет страните и апликациите **„подостапни“** може да им помогнат на сите, не само на корисниците со посебни потреби. На пример, да можете да слушате текст кога нема доволно светлина за читање или кога извршувате повеќе задачи, или читање преводи на видео во бучна средина. Бизнисите со достапни услуги можат да достигнат поголема искористеност од нови клиенти и да остварат економска добивка од тоа. Инаку, се проценува дека 100 милиони луѓе во ЕУ имаат некаква форма на попреченост и затоа се од голема важност за пазарот.[3]

Со овој компаративен преглед е анализирана правната рамка за пристапност на интернетските страници и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор во избрани држави од регионот, во САД и Канада.

Оваа истражувачка работа е изработена по сопствена иницијатива, согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.

[3]Податоците се преземени од официјалната интернетска страница на ЕУ, https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/web-accessibility пристапено на 12.3.2024

# I ПОЛИТИКИ ЗА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО ЕВРОПА

## I.1 Е-пристапност во Европа

***Табела 1:Политики за е-пристапност во Европа[4]***

| | Детали |
|---|---|
| **Правна рамка** | **Директива (ЕУ) 2016/2102 на Европскиот Парламент и на Советот за достапноста на интернетските-страници и мобилните апликации на органите на јавниот сектор**<br><br>**Директивата** има за цел да ја подобри усогласеноста на интернет-локациите и мобилните апликации од јавниот сектор со стандардите за е-пристапност и да ги минимализира разликите меѓу земјите-членки, преку договор за заеднички сет на стандарди за е-пристапност и механизми за имплементација. Хармонизираниот сет на стандарди што се применуваат на сите веб-локации од јавниот сектор и мобилни апликации помага да се зајакне пазарот на софтвер и креирање содржини, вклучително и со намалување на трошоците за усвојување стандарди за е-пристапност. Исто така го олеснува разменувањето информации за е-пристапност за земјите-членки на Европската унија. |
| **Надлежно тело за спроведување** | Секоја земја-членка на Европската унија назначува свој субјект имплементатор.<br><br>Почнувајќи од 23 декември 2023 година, секоја земја-членка на Европската унија е должна да поднесува извештај за напредокот во ова поле до Европската комисија на секои три години.<br><br>Во рамките на Европската комисија е создадена **експертска група** со цел да и обезбеди на Комисијата технички совети и совети за управување. |
| **Области на делување** | ✓ Земјите членки на Европската Унија.<br>✓ Глобални софтвери и даватели на јавни услуги во земјите членки на Европската унија. |
| **Поле на делување** | ✓ Развој на законодавство за е-пристапност.<br>✓ Дигитална содржина во сите форми (вклучувајќи интернет, апликации, аудио и видео содржини).<br>✓ Компјутери и оперативни системи. |

[4] Податоците се преземени од интернетската страница Араб Дигитал Инклусион Платформ, Comparative analysis of policies in the European Union, Canada and the United States https://e-inclusion.unescwa.org/index.php/node/1597, пристапено на 15.4.2024

| | |
|---|---|
| | ✓ Автоматски благајнички машини (банкомати), машини за издавање билети и пријавување.<br>✓ Паметни телефони.<br>✓ Телефонски услуги и поврзана опрема.<br>✓ Пристап до аудио-визуелни медиумски услуги како што се телевизиски пренос и поврзана опрема за потрошувачи.<br>✓ Услуги поврзани со воздушен, автобуски, железнички и воден превоз на патници;<br>✓ Банкарски услуги.<br>✓ Е-книги. |
| **Усвоени стандарди** | WCAG 2.0[5], ниво на усогласеност AA без модификации за веб-содржини, документи и програми.<br>Овој стандард бара од земјите-членки да известуваат за достапноста на веб-локациите и мобилните апликации, опишувајќи го нивото на пристапност и наведувајќи било каква недостапна содржина. |
| **Механизми на управување** | Секоја европска земја-членка мора да воспостави механизми за управување за да обезбеди успешна имплементација на политиките за е-пристапност. Без да се нарушува горенаведеното, поставени се специфични правила за неопходните карактеристики на националните политики како што следува:<br>✓ Изјава за пристапност.<br>✓ Механизми за повратни информации за подобрување на е-пристапноста.<br>✓ Процедури за извршување и казни за неисполнување на барањата за е-пристапност.<br>✓ Стандарди за следење и известување.<br>✓ Усогласени стандарди за е-пристапност на мобилни апликации.<br>Рокови за имплементација на одредени барања, вклучувајќи го следново:<br>✓ Почнувајќи од 23 септември 2019 година, сите нови интернет-локации и апликации од јавниот сектор мора да се усогласат со Директивата.<br>✓ Од 23 септември 2020 година, сите нови и постоечки интернет-локации мора да се усогласат со Директивата. |

[5] WCAG 2.0 Level AA- Web Content Accessibility Guidelines

| | |
|---|---|
| | ✓ Од 23 септември 2021 година, сите нови и постоечки мобилни апликации мора да се усогласат со Директивата. |
| **Механизми за спроведување на правната рамка** | Согласно **Директивата**[6], најважни за спроведување на правната рамка се:<br><br>Член 4: Земјите-членки треба да осигураат дека телата од јавниот сектор ги преземаат потребните мерки за да ги направат нивните интернет страни и мобилни апликации попристапни, со тоа што ќе ги направат повидливи, оперативни, разбирливи и цврсти.<br><br>Член 9: Земјите-членки обезбедуваат достапност на соодветна и ефективна извршна постапка за гарантирање на усогласеноста со Директивата (пример можност за контактирање на Народен правобранител). |

## I.2 ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2016/2102 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ ЗА ПРИСТАПНОСТА ДО ИНТЕРНЕТСКИТЕ СТРАНИЦИ И МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

**Директива 2016/2102 на Европскиот Парламент и на Советот за достапноста до интернетските страници и мобилните апликации на органите на јавниот сектор**[7] има за цел да ги приближи законите, регулативите и административните одредби на земјите-членки кои се однесуваат на барањата за пристапност на интернет локациите и мобилните апликации на органите од јавниот сектор, со што ќе им овозможи на тие интернетски страници и мобилни апликации да бидат подостапни за корисниците, особено за **лицата со посебни потреби. Директивата**[8] утврдува правила со кои се бара од земјите-членки да обезбедат дека интернет-локациите, без оглед на уредот што се користи за пристап до нив, и мобилните апликации на органите од јавниот сектор ги исполнуваат барањата за пристапност.

Директива не се однесува на следните интернет-локации и мобилни апликации:

- ✓ интернет-страници и мобилни апликации на јавните радиодифузни услуги и нивните подружници, како и на други тела или нивни подружници кои исполнуваат обврска за јавен радиодифузен сервис;
- ✓ интернет-страници и мобилни апликации на невладини организации кои не обезбедуваат услуги кои се од суштинско значење за јавноста, или

[6] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024
[6] Ибид
[7] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024
[8] Ибид

услуги кои конкретно се однесуваат на потребите на лицата со попреченост или се наменети за лица со посебни потреби.[9]

Земјите-членки на ЕУ може да воведат мерки во согласност со правото на Унијата кои ги надминуваат минималните барања за пристапност на интернет-локациите и мобилните апликации утврдени со **Директивата**.[10] Исто така, земјите-членки се должни да обезбедат органите на јавниот сектор да ги преземат неопходните мерки за да ги направат нивните интернетски страници и мобилни апликации подостапни со тоа што ќе ги направат забележливи, оперативни, разбирливи и робусни.[11]

Органите на јавниот сектор мора редовно да даваат детална, сеопфатна и јасна писмена изјава за тоа како нивните интернетски страници и мобилни апликации се усогласени со **Директивата**[12], вклучувајќи:

- ✓ објаснување за било какви недостапни елементи и информации за достапните алтернативи;
- ✓ опис за тоа како корисникот може да пријави каква било неусогласеност со **Директива**[13] и да побара информации што се исклучени од опсегот на оваа директива;
- ✓ пристап до механизам за претставки и поплаки доколку одговорот е несоодветен.

Земјите на ЕУ исто така мора да обезбедат:

- ✓ олеснување на примената на барањата за пристапност на други видови интернет локации и мобилни апликации опфатени со постојните национални закони;
- ✓ олеснување на програмите за обука за пристапноста на интернетските страници и мобилните апликации;
- ✓ подигнување на свеста за барањата за пристапност;
- ✓ споделување на најдобрата практика, олеснета од Европската комисија;
- ✓ да обезбеди достапност на ефективна извршна постапка;

Земјите на ЕУ може да имаат правна рамка која што ги надминува минималните барања на оваа директива.[14]

---

[9] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, член 1, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024

[10] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, член 2, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024

[11] DIRECTIVE (EU) 2016/2102 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 October 2016 on the accessibility of the websites and mobile applications of public sector bodies, член 4, https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2016/2102, пристапено на 8.3.2024

[12] Ибид

[13] Ибид

[14] Податоците се преземени од интернетската страница ЕУ Монитор, https://www.eumonitor.eu/9353000/1/j4nvk6yhcbpeywk_j9vvik7m1c3gyxp/vk9pdf7297zs , пристапено на 12.3.2024

### I.3 Мониторинг[15]

Земјите на ЕУ се должни да ја следат **Директивата[16]** и да го усогласат своето националното законодавство со неа, користејќи методологија која треба да вклучува:

- ✓ периодичност на аранжманите за мониторинг и земање примероци на интернет-страници;
- ✓ земање примероци од интернет-страници, од содржината на тие страници и од содржината на мобилните апликации;
- ✓ опис на начинот на утврдување на усогласеноста;
- ✓ механизам кој ќе им помогне на органите на јавниот сектор да ги исправат увидените недостатоци.

### I.4 Известување со пишан извештај[17]

Од 23 декември 2021 година, а потоа на секои 3 години, земјите од ЕУ мора да доставуваат писмен извештај до Комисијата во кој се претставени резултатите од мониторингот.

## II ПРИСТАПНОСТ ДО ИНТЕРНЕТСКИТЕ СТРАНИЦИ И МОБИЛНИТЕ АПЛИКАЦИИ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

➢ Во **Словенија**, на сила е **Законот за пристапност на интернетски страници и мобилни апликации**.[18] **Законот** ги регулира мерките со кои се обезбедува пристапност до интернет локациите и мобилните апликации особено за корисниците со различни форми на попреченост.[19] Истиот мора да се применува од страна на државните органи, органите на локалните самоуправи, месните заедници и др.[20]

Интернетските страници и мобилните апликации мора да ги исполнуваат следниве барања за пристапност:

- ✓ информациите и корисничките интерфејси мора да им бидат претставени на корисниците на начини што тие можат да ги согледаат;
- ✓ мора да се обезбедат работни кориснички интерфејси и навигација;
- ✓ информациите поврзани со корисничкиот интерфејс и неговата работа мора да бидат разбирливи;
- ✓ содржината мора да биде доволно робусна за да биде веродостојно интерпретирана од различни кориснички агенти, вклучително и помошни

[15] Ибид
[16] Ибид
[17] Ибид
[18] The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 , пристапено на 18.3.2024
[19] The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 , член 1, пристапено на 18.3.2024
[20] The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 , член 2, пристапено на 18.3.2024

технологии, што значи дека корисниците секогаш имаат пристап до содржината, дури и со напредни технологии.[21]

Глоба од **200** до **2.000**[22] евра ќе му се изрече на одговорното лице на даночниот обврзник доколку:

- ✓ не обезбеди пристапност до интернет-страниците и мобилните апликации;
- ✓ даночниот обврзник не направи првична проценка до кој степен исполнувањето на барањата претставува непропорционален товар за него;
- ✓ не објави изјава за пристапност; (Даночниот обврзник е должен најмалку еднаш годишно да ја ажурира изјавата за пристапност во однос на усогласеноста на неговите интернет-локации и мобилни апликации согласно законските прописи. Изјавата треба да биде детална, сеопфатна и јасна);
- ✓ не обезбеди линк за испраќање повратни информации и не му одговори на барањето на корисникот.

Даночниот обврзник е должен да објави линк на својата интернетска-страница или мобилна апликација преку кој корисниците можат да го известат дека интернетската-страница или мобилната апликација не ги исполнува условите за пристапност.

- ➢ Во **Хрватска**, на сила е **Законот за пристапност на интернетски-страници и софтверски решенија за мобилни уреди на органите на јавниот сектор**[23]**.** Согласно член 6 од **Законот**[24]**,** органот од јавниот сектор мора да ги преземе неопходните мерки за да ги направи своите интернетски-страници и софтверски решенија за мобилни уреди подостапни, вклучувајќи:

  - **способност за набљудување**, што значи дека содржината и компонентите на корисничкиот интерфејс мора да им бидат претставени на корисниците на начин што ќе им овозможи лесно набљудување;
  - **оперативност**, што значи дека компонентите на корисничкиот интерфејс и навигацијата мора да бидат управувани;
  - **разбирливост**, што значи дека информациите и начинот на кој функционира корисничкиот интерфејс мора да бидат разбирливи;
  - **стабилност**, што значи дека содржината мора да биде доволно стабилна за веродостојно да се толкува од различни кориснички програми, вклучително и помошни технологии што ги користат лицата со посебни потреби, така што корисниците секогаш имаат пристап до содржината.

Органот на јавниот сектор е должен да објавува и редовно ажурира детална, сеопфатна и јасна изјава за пристапноста во однос на усогласеноста на неговите

[21] The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 , член 5, пристапено на 18.3.2024
[22] The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 , член 13, пристапено на 18.3.2024
[23] Zakon o pristupačnosti mrežnih stranica i programskih rješenja za pokretne uređaje tijela javnog sektora, https://www.zakon.hr/z/1929/Zakon-o-pristupa%C4%8Dnosti-mre%C5%BEnih-stranica-i-programskih-rje%C5%A1enja-za-pokretne-ure%C4%91aje-tijela-javnog-sektora , пристапено на 4.4.2024
[24] Ибид

интернет-локации и софтверски решенија за мобилни уреди со **Законот**[25]. Органот е должен да ја состави **Изјавата за пристапност** на начин што таа содржи:

- објаснување на делови од содржината кои не се достапни, причините за оваа непристапност и можноста за обезбедување достапни алтернативи;

- опис на механизмот за повратни информации и врска до него за да им се овозможи на сите лица да го известат телото на јавниот сектор за сите случаи кога неговите веб-локации или мобилни софтверски решенија не ги исполнуваат барањата за пристапност  др.

- линк до интернетската страница на телото што ја врши инспекцијата, што може да се започне во случај на незадоволителен одговор на известувањето или барањето.[26]

Надзор над спроведувањето на одредбите од Законот[27] **врши Комесарот за информации**. Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од законот го вршат **инспектори** и други **овластени службени лица** од канцеларијата на Комесарот. [28]

Во однос на прекршочните одредби, глоба во износ од 2.000,00[29] (132евра) до 50.000,00 (6636 евра)[30] куни ќе му се изрече на органот од јавниот сектор надлежен за прекршокот доколку:

а) не ги преземе сите неопходни мерки за да ги направи интернетските страници и софтверските решенија за мобилни уреди подостапни со тоа што ќе ги направи видливи, оперативни, разбирливи и стабилни;

б) не направил првична проценка до кој степен постигнувањето усогласеност со барањата за пристапност наметнува несразмерно оптоварување на тоа тело;

в) редовно не ја објавува или ажурира на својата интернетска страница во достапна форма **Изјавата за пристапност за интернет локацијата или софтверските решенија за мобилни уреди** и доколку не е преземена при преземањето на софтверското решение;

г) не објавил линк што ќе им овозможи на сите корисници да го известат органот за секое неусогласеност со барањата за пристапност и да бараат информации за делови од содржината што не се достапни;

д) не објавил линк до инспекцијата што може да се користи во случај на незадоволителен одговор на известувањето или барањето на корисникот;

---

[25] Zakon o pristupačnosti mrežnih stranica i programskih rješenja za pokretne uređaje tijela javnog sektora, https://www.zakon.hr/z/1929/Zakon-o-pristupa%C4%8Dnosti-mre%C5%BEnih-stranica-i-programskih-rje%C5%A1enja-za-pokretne-ure%C4%91aje-tijela-javnog-sektora , пристапено на 4.4.2024

[26] Zakon o pristupačnosti mrežnih stranica i programskih rješenja za pokretne uređaje tijela javnog sektora, https://www.zakon.hr/z/1929/Zakon-o-pristupa%C4%8Dnosti-mre%C5%BEnih-stranica-i-programskih-rje%C5%A1enja-za-pokretne-ure%C4%91aje-tijela-javnog-sektora , член 9, пристапено на 4.4.2024

[27] Ибид

[28] Zakon o pristupačnosti mrežnih stranica i programskih rješenja za pokretne uređaje tijela javnog sektora, https://www.zakon.hr/z/1929/Zakon-o-pristupa%C4%8Dnosti-mre%C5%BEnih-stranica-i-programskih-rje%C5%A1enja-za-pokretne-ure%C4%91aje-tijela-javnog-sektora , член 12, пристапено на 4.4.2024

[29] Пресметка направена на https://www.xe.com/currencyconverter/convert/?Amount=1000&From=HRK&To=EUR 16.4.2024

[30] Ibid

ѓ) не одговори на известувањето или барањето на корисникот во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето или барањето или во подоцнежен период;[31]

➢ Во **Франција**, во сила е **Законот бр. 2005-102** од 11 февруари 2005 година за **Еднакви права и можности, учество и државјанство на лицата со попреченост**, [32] како и **Уредбата бр. 2019-768 од 24 јули 2019 годинакоја регулира прашања во однос на пристапноста на онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби** [33]**,**а преку кои се применува Директивата за достапноста на интернетските страници и мобилните апликации на органите на јавниот сектор.

Онлајн јавните комуникациски услуги се достапни за :

1.Правните лица од јавното право;

2. Правни субјекти од приватно право кои делегирано вршат јавна услуга, како и оние создадени за конкретно задоволување на потребите од општ интерес;

3. Правни лица кои според приватно право се основани од едно или повеќе лица за конкретно задоволување на потребите од општ јавен интерес со различен карактер освен индустриски или комерцијален;

4.Компании чиј промет го надминува прагот дефиниран со декретот на Државниот совет.

Во отсуство на хармонизирани стандарди применливи за одредени видови на онлајн јавни комуникациски услуги, горенаведените лица се повикуваат на меѓународните стандарди или, доколку тоа не се случи, на важечките меѓународни стандарди.[34]

Согласно законските прописи, содржината наведена подолу е изземена од обврската за пристапност онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби :

1° Датотеки достапни во канцелариски формати објавени пред 23 септември 2018 година, освен ако не се неопходни за завршување на административна постапка во врска со задачите што ги извршува засегнатата организација;

2° Претходно снимена аудио и видео содржина, вклучувајќи ја и онаа која вклучува интерактивни компоненти, објавени пред 23 септември 2020 година;

3° Аудио и видео содржини кои се емитуваат во живо, вклучувајќи ги и интерактивни компоненти;

---

[31] Zakon o pristupačnosti mrežnih stranica i programskih rješenja za pokretne uređaje tijela javnog sektora, https://www.zakon.hr/z/1929/Zakon-o-pristupa%C4%8Dnosti-mre%C5%BEnih-stranica-i-programskih-rje%C5%A1enja-za-pokretne-ure%C4%91aje-tijela-javnog-sektora , член 14, пристапено на 4.4.2024

[32]Law No. 2005-102 of 11 February 2005 on Equal Rights and Opportunities, Participation and Citizenship of Persons with Disabilities , https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/JORFTEXT000000809647/2024-04-16/ , пристапено на 15.4.2024

[33] Уредба бр. 2019-768 од 24 јули 2019 година во врска со пристапноста на онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби, https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/JORFTEXT000038811937/ , пристапено на 8.4.2024

[34] Уредба бр. 2019-768 од 24 јули 2019 година во врска со пристапноста на онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби, https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/JORFTEXT000038811937/ член 1, 8.4.2024

4° Мапи и онлајн услуги за мапирање, под услов, во случај на мапи наменети да обезбедат локација или рута, суштинските информации се обезбедени во достапна дигитална форма;

5° Содржина од трета страна која не е ниту финансирана ниту развиена од засегнатата организација и која не е под нејзина контрола и др.[35]

## III ПОЛИТИКИ ЗА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО САД

Врз основа на искуството на американските технолошки гиганти од висок профил, чии програми и апликации се без конкуренција во светот, се чини дека овие компании постепено се усогласуваат со глобалните стандарди за е-пристапност со текот на времето и дека се под влијание на потребите на пазарот и глобалното јавно мислење во врска со нивниот успех или неуспех да се поддржи одредена корисничка група - како на пример, лицата со попреченост и други маргинализирани и ранливи сегменти од општеството. Големите американски компании имаат технички и финансиски капацитет да усвојат стандарди за е-пристапност и можат да стекнат конкурентна комерцијална предност со тоа што ќе го изберат. Поверќето од нив ќе се одлучат да ја искористат оваа предност доволно брзо, не само за да се грижат за лицата со попреченост, туку и за зголемениот број на постари лица на кои им се потребни помошни технологии (имено е-пристапност) во нивниот секојдневен живот. Покрај тоа, овие компании развија и сеуште развиваат процеси и програми за вештачка интелигенција кои им овозможуваат да ги минимизираат трошоците за преминување кон е-пристапност, додека тоа останува скапа опција за нивните глобални конкуренти.

***Табела 2:Политики за е-пристапност во САД***[36]

| | **Детали** |
|---|---|
| **Правна рамка** | (Задолжителна правна рамка)<br><br>**Глава 508** од Актот за рехабилитација од 1973 година-Посебни одредби |
| **Надлежно тело за спроведување** | **Федералната комисија за комуникации** има ексклузивно овластување да го имплементира и спроведува Законот според член 255 и да издава регулативи за имплементација и да спроведува активности за е-пристапност.<br><br>На 18 јануари 2017 година, **Одборот за пристап** на Соединетите Американски Држави издаде конечно правило со кое се ажурира политиката за е-пристапност според Глава 508 и насоките за телекомуникациската опрема според Глава 255 од Законот за комуникации. |

[35] Уредба бр. 2019-768 од 24 јули 2019 година во врска со пристапноста на онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби, https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/JORFTEXT000038811937/ член 3, 8.4.2024

[36] Податоците се преземени од интернетската страница Араб Дигитал Инклусион Платформ, Comparative analysis of policies in the European Union, Canada and the United States, https://e-inclusion.unescwa.org/index.php/node/1597 , пристапено на 15.4.2024

| | |
|---|---|
| | **Одборот за пристап** на Соединетите Американски Држави е одговорен за развој на стандарди за е-пристапност за да се вклучат во регулативите што ги регулираат федералните практики за набавки. |
| **Области на делување** | Се однесува на сите федерални агенции (владини институции) кога развиваат, набавуваат, одржуваат или користат електронска и информатичка технологија. Според Глава 508, федералните агенции мора да им дадат на вработените со попреченост и на луѓето со попреченост пристап до информации споредливи со пристапот што им е достапен на другите. Приватните интернет локации не се обврзани да се усогласат сѐ додека не добијат финансирање од федералната влада или според федерален договор. |
| **Поле на делување** | Сојузната влада мора да се усогласи со Глава 508.<br><br>**Регулативите не се задолжителни за приватниот сектор**.<br><br>Сите институции кои добиваат федерално финансирање или работат со Федералната влада на Соединетите Американски Држави, и сите институции, програми, непрофитни организации и други ентитети поврзани со обезбедување на јавни образовни услуги мора да се усогласат со Глава 508 и да се погрижат сите информации што ги објавуваат да бидат достапни согласно важечкиот стандард. Ова вклучува мобилни апликации, интернет локации, повеќето дигитални медиуми, киосци за самопослужување и уреди за електронско плаќање.<br><br>Соединетите Американски Држави напредуваат кон е-пристапноста повеќе од две децении, но во последните пет години особено е забележан значителен напредок и во јавниот и во приватниот сектор, главно поради зголемениот фокус на постарите возрасни лица кои – со нивните силни куповната моќ и нивната зголемена употреба на дигитални уреди, Интернет и онлајн купување - станаа клучен целен пазар.<br><br>Официјалната политика за е-пристапност се фокусира на следниве области:<br><br>✓ услуги на федералната влада.<br>✓ Образование.<br>✓ Труд и вработување. |
| **Усвоени стандарди** | ✓ WCAG 2.0, ниво на усогласеност AA, е главниот стандард за е-пристапност.<br>✓ Стандардите содржани во Законот за Американци со посебни потреби од 1990 година. |

| | |
|---|---|
| | ✓ Прописите содржани во Глава 503 од Законот за рехабилитација од 1973 година.<br><br>Забелешка: Примената на овие стандарди варира во зависност од државата |
| **Механизми на управување** | Раководителот на секој федерален оддел или агенција го проценува нивото на е-пристапност за лицата со попреченост во споредба со другите поединци и го известува тоа до јавниот обвинител.<br><br>Спроведувањето на националната политика за е-пристапност беше доделено само на централизирано федерално тело во 2017 година, кога беше основан Одборот за пристап на Соединетите држави.<br><br>Функциите на Одборот вклучуваат развој на дигитални стандарди и нивно инкорпорирање во прописите што ги регулираат федералните практики за набавки. |
| **Механизми за спроведување на правната рамка** | Субјектите (како што се организациите и компаниите) кои не се во согласност со Глава 508 може да бидат тужени од поединци кои не можат да пристапат до информации и ресурси на интернет.<br><br>Приватните претпријатија кои снабдуваат ИКТ на федералните агенции може да ги загубат своите владини договори доколку не ги исполнат барањата за е-пристапност.<br><br>Во реалноста, во моментов не постојат механизми за да се спроведе усогласеноста од страна на приватниот сектор.<br><br>Меѓутоа, имајќи предвид дека повеќето американски глобални технолошки компании работат со и обезбедуваат услуги за остатокот од светот, тие се обврзани да ги почитуваат стандардите што се следат во Европа, Канада и другите големи пазари. Ова значи дека големите компании, вклучително и оние кои се занимаваат со телекомуникациски, софтвер и мобилни апликации, работат врз основа на американските стандарди и WCAG 2.0. Во пракса, овие компании беа обврзани да ги почитуваат стандардите за е-пристапност на земјите во кои ги продаваат своите услуги.<br><br>Еден пример на голема компанија чии веб-локации и програми се во согласност со овие стандарди е Microsoft. |

## IV ПОЛИТИКА НА Е-ПРИСТАПНОСТ ВО КАНАДА

Во однос на Е-Пристапноста, Канада уште во 2000 година лансираше свои стандарди под назив **„Заеднички изглед и чувство (CLF) 1.0“**. Стандардите усвоени од Канада беа вградени во првата верзија на упатствата за пристапност

на интернет-содржини (WCAG 1.0) , со кои од субјектите од јавниот сектор се бараше да се усогласат до крајот на 2002 година.

Последователно, Канада ги разви **„стандардите за заеднички изглед и чувство (CLF) 2.0“**, со кои од ентитетите од јавниот сектор се бараше да се усогласат до крајот на 2008 година, која беше и година кога беше објавен WCAG 2.0.

На крајот на 2008 година, Канада го усвои WCAG 2.0 и побара од нејзините државни институции да го имплементираат стандардот. Канада ја започна својата национална политика за пристап до интернет-страницата дури во 2011 година, кога министерот одговорен за Одборот за финансии објави дека CLF 2.0 ќе биде заменет со следните три нови стандарди:

1. Стандард за интернет-пристапност;

2. Стандард за интернет употребливост;

3. Стандард за интероперабилност на интернет-страниците;

***Табела 3: Политики за е-пристапност во Канада*[37]**

| | Детали |
|---|---|
| **Правна рамка** | (Задолжителна правна рамка)<br>**Правилник за комуникации и федерален идентитет.**<br>Согласно правилникот сите владини органи и тела кои се занимаваат со е-пристапност мора да ги исполнат барањата на стандардот за интернет пристапност за да се осигури дека сите интернетски-страници, публикации и дигитални податоци се достапни за лицата со попреченост на еднаква основа со другите.<br>**Упатство за имплементација на стандардна интернет пристапност (2011).**<br>Ова упатство, заедно со Законот за човекови права на Канада и други поврзани закони за лицата со попреченост, служи како правна рамка за е-пристапност на федерално ниво во Канада. |
| **Надлежно тело за спроведување** | За промовирање е-пристапноста, Владата на Канада промовира политика наречена **„цела влада“**, според која одговорноста за надзор и имплементација на политиката за е-пристапност е распределена меѓу следните субјекти:<br>✓ Канцеларијата за пристапност на јавни услуги, огранок на Одборот за финансии: генералниот гувернер назначува комесар одговорен за пристап до услугите, одговорен пред министерот за спорт и лицата со посебни потреби, кој е одговорен за усогласеноста и спроведувањето, како и за справување со жалби поврзани со сите други активности и сектори под федерална јурисдикција. |

[37] Ибид

| | |
|---|---|
| | ✓ Канадската комисија за радио-телевизија и телекомуникации (CRTC) е одговорна за усогласеноста и спроведувањето во врска со емитувањето и комуникациите, користејќи ги своите законски овластувања.<br>✓ Канадската агенција за транспорт е одговорна за усогласеноста и спроведувањето во транспортниот сектор, со помош на нејзините зголемени овластувања. |
| **Поле на делување** | **Упатството за имплементација на Стандардот за пристапност на интернет**ги поставува следните рокови за имплементација на стандардите за е-пристапност:<br>• Фаза I (1 август 2011 година до 29 февруари 2012 година) се однесува на:<br>-Сите владини почетни страници и страници референциран од владини интернет-локации (имено содржина од трети страни) и апликации за паметни телефони (минимум почетна страница).<br>-Сите нови интернетски-страници и апликации за паметни телефони објавени по 1 октомври 2011 година.<br>-Значителен број на интернетски-страници и апликации за паметни телефони кои обезбедуваат основни информации и услуги за поединци и бизниси, вклучително и за правата и придобивките.<br>-Значителен број на најчесто користени интернетски-страници и апликации за паметни телефони.<br>• Фаза II (1 март 2012 година до 31 јули 2012 година) се однесува на:<br>-Дополнителни внатрешни страници на владините интернет-локации, апликации за паметни телефони, услуги и интернетски-страници кои се најчесто користени.<br>• Фаза III (1 август 2012 до 31 јули 2013 година) се однесува на:<br>-Сите преостанати владини веб-страници и апликации за паметни телефони, како и значителен дел од најчесто користените приватни веб-локации вклучени во обезбедувањето јавни услуги. |
| **Усвоени стандарди** | WCAG 2.0[38], ниво на усогласеност AA. |

[38] WCAG 2.0 Level AA- Web Content Accessibility Guidelines

| | |
|---|---|
| **Механизми на управување** | Согласно канадски Закон за пристапност, создадени се две нови позиции:<br>1. Комесар за пристапност.<br>2. Главен директор за пристапност.<br>И двете лица имаат овластување да изрекуваат казни за јавни и приватни институции. Канцеларијата на комесарот може да делува по добиени поплаки, да ги проценува казните и да издава наредби за усогласеност. |

Изработила: Есељ Лукрис

Одобрила: Ивана Трајановиќ Арсовска

Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

_______________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Официјалната интернетска страница на ЕУ, https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/web-accessibility;
2. Интернетската страница Араб Дигитал Инклусион Платформ, Comparative analysis of policies in the European Union, Canada and the United States, https://e-inclusion.unescwa.org/index.php/node/1597 ;
3. Интернетската страница ЕУ Монитор, https://www.eumonitor.eu/9353000/1/j4nvk6yhcbpeywk_j9vvik7m1c3gyxp/vk9pdf7297zs ;
4. Уредба бр. 2019-768 од 24 јули 2019 година во врска со пристапноста на онлајн јавните комуникациски услуги за лицата со посебни потреби, https://www.legifrance.gouv.fr/loda/id/JORFTEXT000038811937/ ;
5. The Law on the Accessibility of Websites and Mobile Applications, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?sop=2018-01-1351 ;
6. Law No. 2005-102 of 11 February 2005 on Equal Rights and Opportunities, Participation and Citizenship of Persons with Disabilities


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384